**ОСНОВНИОТ СУД ВО ВЕЛЕС,** како првостепен кривичен суд, и тоа од Судијата Шефшет Адеми како судија поединец, записничар М. Т., во кривичната постапка по Обвинителниот предлог со предлог за продолжување на мерки на претпазливост II.Ко. бр... од 10.04.2025 година на Основното јавно обвинителство од Велес, против обви- нетиот И. С. од С., за кривично дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст.3 в.в.ст.1 од Кривичниот законик и за кривично дело Насилство од чл.386 ст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик, **на ден 10.09.2025 година,** врз основа на чл.146 и чл.147 ст.1 т.5 од Законот за кривична постапка, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ УКИНУВААТ** мерките на претпазливост определени со решение К-ПП.бр.66/25 од 04.03.2025 година на Судијата на претходна постапка на Основниот суд Велес, спрема обвинетиот И. С. од С., продолжени со решение КС-КР.бр.81/25 од 26. 05.2025 година и решение КС-КР.бр.150/25 од 15.07.2025 година на Кривичниот совет на Основниот суд Велес, и тоа:Забрана на обвинетиот да го напушти живеалиштето односно престојувалиштето согласно чл.146 ст.1 т.1 од Законот за кривична постапка и Обрска об- винетиот да се јавува повремено на определено службено лице во просториите на МВР СВР С. ПС К..., еднаш во седмицата согласно чл.146 ст.1 т.2 од Законот за кривична постапка.

**II**

Мерката на претпазливост определена со решение К-ПП.бр.66/25 од 04.03.2025 го- дина на Судијата на претходна постапка на Основниот суд Велес, спрема обвинетиот И. С. од С., продолжена со решение КС-КР.бр.81/25 од 26.05.2025 год- ина и решение КС-КР.бр.150/25 од 15.07.2025 година на Кривичниот совет на Основниот суд Велес, и тоа:Забрана на приближување или воспоставување, односно одржување ко- нтакти или врски со лицата Р. К. и И. М. од В. согласно чл.146 ст.1 т.6 од Законот за кривична постапка, **ОСТАНУВА ВО СИЛА** се додека постои потре- ба, а најдолго до правосилноста на пресудата.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по Обвинителниот предлог со предлог за продолжување на мерки на претпазливост II.Ко.бр... од 10.04.2025 година на Основното јавно обвинителство од В.., против обвинетиот И. С. од С., за кривично дело Загрозување на сигурноста од чл.144 ст.3 в.в.ст.1 од Кривичниот законик (во понатамошниот текст:КЗ) и за кривично дело Насилство од чл.386 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, Основниот суд во Велес дон- есе пресуда К.бр.123/25 од 10.05.2025 година, со која обвинетиот И. С. од С. е огласен за виновен за кривично дело Загрозување на сигурноста од чл.144 ст.3 в.в.ст.1 од КЗ и за кривично дело Насилство од чл.386 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, му изрече алт- ернативна мерка условна осуда, така што му се утврдува единствена казна затвор во тра- ење од 1(една)година и 4(четири)месеци и истовремено се определува дека утврдената единствена казна затвор нема да се извршува доколку обвинетиот во времето од 3(три) години од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело, се задолжува да пл- ати судски паушал во износи од 8.000,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, се задолжува на судот да му плати трошоци сторени во тек на кривичната пос- тапка во износ од 1.600,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, се задолжува да плати трошоци сторени во тек на кривичната постапка во износ од 18.888, 00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, се задолжува на оштетени- те Р. К. и И. М. од В. да им плати трошоци сторени во тек на кривичната постапка во износи од по 30.030,00 денари, во рок од 15 дена од правосилно- ста на пресудата и оштетените Р. К. и И. М. од В., се упатуваат имотно правното барање да го остваруваат во спор.

Во завршен збор, Јавниот обвинител Славица Темелковски предложи да се укинат мерките на претпазливост:Забрана на обвинетиот да го напушти живеалиштето односно

престојувалиштето и Обрска обвинетиот да се јавува повремено на определено службено лице во просториите на МВР СВР С. ПС К., еднаш во седмицата, а мерка- та на претпазливост Забрана на приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со лицата Р. К. и И. М. од В., да остане во сила.

Бранителот В.С. адвокат од С. изјави дека е согласен со предлог- от на Јавниот обвинител, како и да мерката на претпазливост Забрана на приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со лицата Р. К. и И. М. од В., да остане во сила.

Имајќи го во предвид наведеното, согласно чл.146 од Законот за кривична постап- ка (во понатамошниот текст:ЗКП), судот одлучи како во изреката на ова решение по I, така што: **СЕ УКИНУВААТ** мерките на претпазливост определени со решение К-ПП.бр.66/25 од 04.03.2025 година на Судијата на претходна постапка на Основниот суд Велес, спрема обвинетиот И. С. од С., продолжени со решение КС-КР.бр.81/25 од 26. 05.2025 година и решение КС-КР.бр.150/25 од 15.07.2025 година на Кривичниот совет на Основниот суд Велес, и тоа:Забрана на обвинетиот да го напушти живеалиштето односно престојувалиштето согласно чл.146 ст.1 т.1 од Законот за кривична постапка и Обрска об- винетиот да се јавува повремено на определено службено лице во просториите на МВР СВР С. ПС К., еднаш во седмицата согласно чл.146 ст.1 т.2 од Законот за кривична постапка.

Согласно чл.146 ст.1 т.6, ст.2, 3 и 6 од ЗКП, одлучи како во изреката на ова решен- ие под II, така што:Мерката на претпазливост определена со решение К-ПП.бр.66/25 од 04.03.2025 година на Судијата на претходна постапка на Основниот суд Велес, спрема об- винетиот И. С. од С., продолжена со решение КС-КР.бр.81/25 од 26.05. 2025 година и решение КС-КР.бр.150/25 од 15.07.2025 година на Кривичниот совет на Ос- новниот суд Велес, и тоа:Забрана на приближување или воспоставување, односно одржу- вање контакти или врски со лицата Р. К. и И.М. од В. согласно чл.146 ст.1 т.6 од Законот за кривична постапка, **ОСТАНУВА ВО СИЛА** се додека постои потреба, а најдолго до правосилноста на пресудата.

Имено, имајќи ги во предвид видот и тежината на кривичните дела за кои се обвин- ува обвинетиот И. С. и последиците од истите, висината на пропишаните казни за кривичните дела, личноста на обвинетиот и околностите во конкретниот случај, судот оцени дека е оправдано определената мерка на претпазливост Забрана на прибли- жување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со лицата Р. К. и И. М. од В. да остане во сила се додека има потреба, а најдол- го до правосилноста на пресудата.

Имајќи го во предвид наведеното, согласно чл.146 и чл.147 ст.1 т.5 од ЗКП, се од- лучи како во изреката на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, К.бр.123/25 од 10.09.2025 година**

**Записничар,** | **С У Д И Ј А ,**
**М. Т.** | **Шефшет Адеми**

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение е дозволена жалба во рок од 3(три)дена од приемот, преку овој суд до Апелационен суд Скопје.

**ДН:**
-ОЈО В.,
-обвинет И. С. од С.
-бранител В. С. адвокат од С.,
-МВР СВР С. ПС К..., со клаузула на правосилност.